Universiteti i EJL në Tetovë - Republika e Maqedonisë së Veriut
Универзитет на ЈИЕ во Тетово - Република Северна Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of North Macedonia
Tetovë- Тетово- Tetovo

| Pranuar Примено Received | 21.12.2020 | | |
|---|---|---|---|
| Nj.org. Орг.Един. Org.unit | Numer Број No. | Shtojcë Прилог Attachment | Vlera Вредност Value |
| 03 | 3927/1 | 0 | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 1403-410/4
07. 12. 2020 год.-viti
Скопје - Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија” бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 8 седница одржана на 28.10.2020 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за акредитација на студиската програма „ Социјална работа и социјална политика“, од прв циклус (додипломски) академски студии на Факултет за современи општествени науки при Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово**

1. Се акредитира студиската програма „Социјална работа и социјална политика“, од прв циклус (додипломски) академски студии на Факултет за современи општествени науки при Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2020/2021 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Дипломиран социјален работник/во меѓународен промет академски назив Bachelor in social work.

4. Научно - истражувачко подрачје: Општествени науки.
Научно – истражувачко поле: 512 Социјална работа и социјална политика, 511 Социологија
Научно – истражувачка област: 51200-Социјална политика, 51201-Теории на социјална работа, 51202-Социјален развој, 51203-Социјална работа (во здравство, образование, социјална заштита и др), 51204-Системи на социјална заштита, 51205-Методики на социјална работа(поединец, група, локална заедница), 51206-друго, 51100-Општа социологија, 51103-Социологија на организации, 51105-Социологија на образование, 51107-Урбана социологија (Социологија на град), 51108-Рурална социологија(Социологија на селото), 51109-Социологија на науката, 51110-Социологија на културата, 51111-Социологија на религија, 51112-Социологија на моралот, 51113-Социологија на домување, 51114-Социологија на семејството, 51115-Социологија на детето, 51116-Социологија на трудот и организациите, 51117-Социологија на правото и криминалистиката, 51118-Методи на социолошки истражувања и социометрија, 51119-Социологија на социјалните структури 51120-Социјална антропологија, 51121-Социологија на норми и организација, 51122-Социологија на масовни комуникации и информации, 51123-Социјална патологија51125-Социологи , 51128 - Друго.

[1] 03-3927/1 [2020]

5. Вкупниот број на студенти кои можат да бидат запишани на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 60 студенти.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената одлука бр. 08-3602/2 од 10.12.2019 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Социјална работа и социјална политика" од прв циклус (додипломски) академски студии на Факултет за современи општествени науки при Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово, до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање бр.1409-410/1 од 16.12.2019 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 3-та седницата одржана на 01.07.2020 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.1409-410/3 од 03.12.2020 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 8-та седница одржана на 28.10.2020 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски